# НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАСТИЧНИОТ ОТПАД ВО ПАРЛАМЕНТИТЕ

*Скопје, декември 2022*

Предмет на оваа кратка информација се преземените конкретни мерки, цели и политики за намалување на пластичниот отпад кои ги практикуваат парламентите во земјите членки на ЕУ. Информациите се преземени од Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација – ЕЦПРД односно од прашалникот бр. 5130 поставен од Европскиот парламент кој се однесува на намалување на пластичен отпад во парламентите. Во кратката информација се опфатени парламентите на следните држави: Австрија, Белгија, Хрватска, Данска, Грција, Норвешка, Шведска, Ерменија, Португалија, Литванија и Шпанија.
Кратката информација е изработена по **сопствена иницијатива** согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.*

Секоја година во Европската Унија се создаваат околу 26 милиони тони пластичен отпад. Помалку од 30% од отпадот се рециклира, додека дел се извезува во земји кои не се членки на ЕУ за натамошно процесирање. Остатокот оди во депонија, се спалува или завршува несобран во природа, вклучувајќи ги површините на плажите, шумите, реките и морињата.[1] Во обид да се справат со загадувањето од пластичен отпад, покрај националните законодавства, дел од земјите кои се членки на ЕУ веќе имплементираат конкретни мерки и политики чија цел е  да се намали пластичниот отпад.
Најчестите политики и практики за намалување на пластичниот отпад се состојат од:
• елиминирање на пластичните производи за еднократна употреба, како што се чаши, прибор за јадење, сламки и садови за храна;
• поставување чешми/диспензери за вода  и обезбедување бесплатна вода;
• дистрибуција на чаши и/или трајни шишиња со вода;
• елиминирање на пластични шишиња со вода од состаноците;
• елиминирање на пластичните шишиња со вода од автоматите и кафетериите;
• намалување на употребата на пластика и отпадот во угостителството;
• Спроведување на јавни набавки кои вклучуваат  критериуми со кои се намалува користењето на пластични материјали.
Во табелата подолу се прикажани конкретни мерки, цели и политики за намалување на пластичниот отпад кои ги преземале дел од парламентите на земјите членки на ЕУ.

[1] Податоците се преземени од официјалната интернетска страница на Европскиот парламент, https://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/society/20180830STO11347/how-to-reduce-plastic-waste-eu-strategy-explained , пристапено на 2.12.2022

**Табела 1: Преземени конкретни мерки, цели и политики за намалување на пластичниот отпад во парламентите[2]**

| Парламент | Дали парламентот води политика на намалување на пластичниот отпад? | Какви активности се преземени за да се постигне намалување на пластичниот отпад? |
|---|---|---|
| **Република Австрија** | Администрацијата во австрискиот парламент има имплементирано бројни мерки за заштита на животната средина. Меѓу другото, во 2019 година почна да го имплементира и системот за управување со животната средина EMAS (Eco-Management and Audit Scheme).[3] | Со цел намалување на пластичниот отпад преземени се следните мерки:<br>- Наместо чаши за пијалаци за еднократна употреба се користат картонски чаши кои може да се компостираат или пак чаши од пластика која се разградува.<br>- Се користат шишиња за пијалаци и чаши за повеќекратна употреба.<br>- Се избегнува употребата на ПЕТ-шишиња (доколку сè уште се потребни ПЕТ-шишиња, тие соодветно се собираат во назначена „жолта корпа“ и потоа се рециклираат.)<br>-**„Донеси ја сопствената кутија“** е колективна пропусница за ресторанот за да ги поттикне вработените да носат свои кутии за ручек наместо да се користат садови за еднократна употреба. |

[2] Податоците се преземени од официјалната интернетска страница на ЕЦПРД-мрежата, FINAL SUMMARY ECPRD Request 5130 on reducing plastic waste in parliaments

[3] Шемата за екоменаџмент и ревизија на ЕУ (EMAS) е премиум инструмент за управување развиен од Европската комисија за компаниите и другите организации да ги оценат, известуваат и подобрат нивните еколошки перформанси, https://ec.europa.eu/environment/emas/index_en.htm, пристапено на 9.12.2022

| | | |
|---|---|---|
| | | Садовите за еднократна употреба се направени од картон. Во кафетеријата нема прибор за еднократна употреба.<br>- Системите за селекција на отпадот на јавните површини и кујните на вработените со информации за правилно сепарирање на отпадот.<br>- Креиран е курс за е-учење на тема **„избегнување отпад и селекција на отпад“** со цел да се зголеми ефективноста на мерките и да се создаде свест. |
| **Кралство Белгија** | Во Сенатот на Белгија со цел намалување на пластичниот отпад се преземени следните мерки:<br><br>1. Користење на стаклени шишиња за вода која извира од белгиските извори.<br>2. Не се користи флаширана вода (освен во салата за состаноци во која има мал број флаширана вода во стаклени шишиња).<br>3. Две точки за пристап до филтрирана вода од чешма.<br>4. Користење на белгиски биоовошен сок во стаклени шишиња. Соковите може да се сервираат во чаши.<br>5. Мерка која наскоро ќе се применува - забрана за користење на индивидуалната пластична амбалажа околу кесичките со чај и бисквитите за кафе и сл. | / |
| **Република Хрватска** | Хрватскиот Парламент од 3 јули 2021 година, спроведува политики за заштита на животната средина со цел да го намали влијанието врз животната средина. Оваа политика вклучува елиминација на пластични производи за еднократна употреба. | - Користење на лажички за еднократна употреба (направени од дрво).<br>- Користење на чаши за еднократна употреба направени од картон.<br>- Задолжително селектирање и рециклирање на пластичниот отпад од канцелариите и кујната. |
| **Кралство Данска** | Данскиот Парламент планира да ја зголеми стапката на рециклирање на управувањето со сопствениот отпад на 65% до 2025 година и 70% пред 2030 година и да го намали обемот на отпад за 10% до 2025 година (во споредба со 2017 година). Тоа значи дека Парламентот работи и на | Што се однесува до пластичниот отпад и елиминацијата на пластичните шишиња, преземени се следните иницијативи:<br>- Намалување/елиминација на производи за сервисирање храна за еднократна употреба.<br>- Користење на чаши за кафе со повеќекратна употреба.<br>- Употреба на чинии со повеќекратна употреба. |

| | | |
|---|---|---|
| | спречување на отпадот и на подобрено селектирање на отпадот. | - Укината е продажба на пластични шишиња од добавувачите.<br>- Лесен пристап на ладна вода во сите кујни.<br>- Пристап до голем број чешми со газирана вода.<br>- Во текот на состаноците се користи вода спакувана во картонска postevand[4] амбалажа.<br>- Од 2022 година, сите кујни и јавни простори мора да имаат специфична корпа за сортирање на пластика. |
| **Република Грција** | Во Парламентот на Грција забраната за употреба на пластични производи за еднократна употреба се применува од 1 февруари 2021 година. | - Употреба на диспанзери за вода во просториите на парламентот.<br>- Од 3 јули 2021, забрана за користење одредени производи за еднократна употреба.<br>- Постепено намалување на употребата на други категории пластични производи како чаши за пијалаци или садови за храна.<br>- Усвојување на надоместокот за заштита на животната средина, обврска за добавувачите да се направат достапни алтернативни производи за повеќекратна употреба на продажното место и употребата на алтернативни производи од страна на угостителските услуги, со зголемување на износот на рециклирана пластика во шишиња итн. |
| **Кралство Норвешка** | Од 2008 година, администрацијата во Стортингет води политика за животна средина со цел да се намали негативното влијание врз животната средина. Оваа политика вклучува забрана за користење на пластични производи за еднократна употреба. | - Користење на картонски чаши за еднократна употреба.<br>- Користење на вода од чешма.<br>- Употреба и продажба на стаклени шишиња минерална вода и безалкохолни пијалаци кои се продаваат во ресторанот.<br>- Во двата ресторани се продаваат шишиња со минерална вода и безалкохолни пијалаци.<br>- Однапред утврдена шема за враќање на пластични шишиња со депозит, што обезбедува висок степен на рециклирање на пластични шишиња. |
| **Кралство Шведска** | Администрацијата на Риксдаг има систем за управување со животната средина кој е сертифициран во согласност со ISO 14001 од 2009 година. Се применува еколошка политика и еколошки цели кои имаат за цел да го намалат | Во согласност со сертификатот ISO 14001, целите за подобрувања во областа на животната средина се поставени за период од четири години. По четири годишниот период се оценуваат постигнувањата и се поставуваат нови цели за следниот период. |

[4] Postevand - Шише за вода произведено во Швајцарија од висококвалитетен рециклиран алуминиум со потекло од Европа, https://postevand.com/pages/reusable-bottle, пристапено на 13.12.2022

| | | |
|---|---|---|
| | количеството отпад, што вклучува намалување на предметите за еднократна употреба.<br>При јавните набавки со повеќе поени се оценуваат оние фирми кои негуваат практики за „промоција на минимизирање на количината на пластичен отпад“. | Мерките се преземени директно од управата на Риксдаг, но и во соработка со добавувачот на ресторански услуги.<br><br>- Сите нововработени во управата на Риксдаг добиваат порцеланска чаша како подарок за добредојде на првиот ден на работа, шолја што треба да ја користат за кафе/чај наместо чаши за еднократна употреба.<br>- Чашите за еднократна употреба сместени до машините за кафе се заменети со порцелански чаши. Сè уште со во употреба картонските чаши за еднократна употреба и дрвените лажици;<br>- Приборот за еднократна употреба е направен од дрво и картонски кутии за јадење (за оброците).<br>- Другите пластични предмети за еднократна употреба се заменети со стакло или порцелан. На пример, употребата на флаширана вода во Риксдагот е намалена. На повеќето состаноци, водата од чешма сега се служи во стаклени шишиња.<br>- Давателот на услуги за ресторани користи систем за деловна интелигенција (PowerBI) кој ѝ овозможува на администрацијата на Риксдаг да добие податоци од касите за процентот на органска или вегетаријанска храна што се служи во ресторанитe и кафулињата. |
| **Република Ерменија** | Националното Собрание на Република Ерменија нема конкретна политика во однос на употребата на пластичен отпад. Сепак, во 2020 година е изгласан амандман на законот за „За трговија и услуги“ со кој е забранетo да се продаваат пластични кеси и пластични вреќи со дебелина на филм до 50 микрони. | - Поставени корпи за селектирање отпад.<br>- Поставени 18 корпи за селектирање отпад, кои засега се само за пластика и хартија.<br>-Диспанзери за вода во зградата на парламентот. Вода и други пијалаци се служат во стаклени но и во хартиени чаши во салите за состаноци. Во ресторанот, по потреба, сè уште се користи пластична амбалажа за еднократна употреба и пластичниот прибор за јадење. |
| **Република Португалија** | Од 2017 година, португалскиот парламент има **внатрешен план за управување со отпад**, со утврдени цели за селектирање на отпадот и користење на еколошките критериуми при набавките.<br>Од 2020 година се применува **Планот за управување со водите**, чија главна цел е промоција на водата од чешма. | Како дел од спроведувањето на еколошките планови за отпад и вода, Португалскиот парламент има:<br>- Зголемен бројот на филтрирани дозери/фонтани за вода од чешма во сите згради.<br>- Забрана за користење пластични чаши за кафе од автомати (заменети со хартиени чаши).<br>- Забрана за користење пластични шишиња со вода на состаноци и настани (заменети со стаклени шишиња со вода).<br>- Забрана за употреба пластична амбалажа во парламентарната книжарница/одделението за изданија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Зголемен бројот на корпи за рециклирање – за да се обезбеди правилно селектирање на отпадот (вклучувајќи ја и пластиката).<br>- Забрана за употребата на пластичен прибор за јадење. |
| **Република Литванија** | Во 2021 година, на иницијатива на генералниот секретар на Сеимас (Парламентот на Република Литванија), беа формирани управувачки групи на персоналот кои предложија идеи како да се подобрат поединечните области на активност. Токму затоа една од управувачките групи е посветена на имплементација на **низа идеи за одржливост, т.е. поефикасна селекција на отпадот, охрабрување за намалување на употребата на пластиката, постепено укинување на употребата на пластични шишиња за вода итн.** По спроведената анкета, резултатите од анкетираните во парламентот покажаа дека 75% од испитаниците го селектираат отпадот во Сеимас, а 68% од испитаниците се решени целосно да се откажат од пластичните шишиња со вода и да пијат вода од чешма.<br>Управувачката група активно соработува со експерти за одржливост од други институции/организации со цел да се усвојат најдобрите практики од јавниот и приватниот сектор во оваа област. | - Храната за носење во угостителскиот објект кој работи во Сеимас се служи во садови за храна за повеќекратна употреба (само во ретки случаи храната се става во пластични садови за еднократна употреба), а кафето за носење обично се служи во чаши за повеќекратна употреба. |
| **Кралство Шпанија** | На 26 април 2022 година, Бирото на Конгресот на пратеници го усвои Акциониот план за одржливост на животната средина **(Plan de Medidas de Sostenibilidad Medioambiental).**<br>Во 2019 година шпанскиот Сенат одлучи да се забрани употреба на пластичен прибор за јадење, пластични кеси, сламки и пластични чаши.<br>- Поставени фонтани за вода.<br>- Одобрен **План за одржливост**, во кој се наведени натамошни активности за намалување на пластичниот отпад. | Мерките за одржливост на животната средина предвидени во **Акциониот план** се распоредени во следните категории:<br>• Општи мерки за одржливост на животната средина;<br>• Енергетска ефикасност;<br>• Управување со отпад;<br>• Одржлива мобилност;<br>• Склучување договори за работи, услуги и набавка на одржливи материјали и сл.<br>**Акцискиот план за одржливост на животната средина** ги идентификува мерките што веќе се усвоени со цел да се зајакне еколошката одржливост на Конгресот а, од друга страна, утврдува збир на мерки што треба да се донесат во наредните години.<br>Во однос на мерките за управување со отпад, **планот** ги идентификува следните активности кои се веќе преземени: |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1. Фирмите кои имаат добиено тендер за услуги за одржување и чистење на згради се обврзани да го спроведат планот за управување со отпад за нивната соодветна работа или услуга и треба да го информираат Секторот за одржување за создадениот отпад, со цел да се овозможи следење на отпадот. Изведувачот кој го добил тендерот мора да обезбеди потврда за овластен управител со отпад. Договорите мора да имаат ISO 14001 сертификат.<br>2.Идентификација и квантификација на отпад од пакување (амбалажа, стакло, тонер) на месечно ниво. Со овој отпад одделно управува претпријатието за чистење, кое го презентира соодветниот сертификат за управување на месечно ниво;<br>3.Користење или демонтирање на компонентите на ИТ опремата. Во сите тендери издадени од Дирекцијата за ИКТ за набавка на компјутерска опрема, се наведува дека „понудувачите мора да вклучат во својот технички предлог […] дејствија насочени кон повторна употреба на компонентите или нивно расклопување и рециклирање и сл.“ |

Изработила: Есељ Лукрис
Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

____________________
м-р Златко Атанасов



Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384